РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 26.02.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 1490/1 | 0 | |


Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,
февруари 2026 година

**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за изменување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, по скратена постапка.*

**Пратеници:**

Димитар Апасиев_________________

Борислав Крмов_________________

Реџеп Исмаил_________________

Јована Мојсоска_________________

Амар Мециновиќ_________________

Сашко Јанчев_________________

**ВОВЕД**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица се воспоставува решение за враќање на дел од платениот ДДВ на граѓаните како физички лица, врз основа на фискални сметки издадени при готовински плаќања.

Основната цел на законот е:

- поттикнување на издавање и прибирање на фискални сметки,
- намалување на сивата економија,
- зголемување на даночната дисциплина,
- подобрување на фискалната транспарентност и
- директна финансиска корист за граѓаните.

Примената на законот придонесува за зголемена наплата на ДДВ, подобра контрола врз готовинските плаќања, намалување на неевидентираниот промет, дестимулирање на деловната дејност во сивата економија, зголемување на довербата на граѓаните во даночниот систем. Повратот на ДДВ не претставува оданочлив доход, со што се задржува неговата социјална и стимулирачка функција.

Основна причина поради која се предлага измена на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица е зголемувањето на највискиот дозволен износ кој може да се врати на едно физичко лица за едно календарско тримесечје. Една од најзначајните добри практики е вклучувањето на граѓаните како активен елемент во даночниот систем, преку стимулирање на прибирање и пријавување фискални сметки. Со воведување на финансиски стимул, граѓаните добиваат улога на дополнителен механизам за општествена контрола, што придонесува за намалување на неевидентираниот промет, зголемување на даночната дисциплина и дестимулирање на сивата економија.

Оттука, со предлогот на Законот за изменување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, се предвидува највисокиот износ кој може едно лице да го оствари како право на поврат на дел од данокот на додадена вредност за едно календарско тримесечје, да се зголеми на 4100 денари.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог – законот е заснован на истите цели и начела како и основниот закон. Со предлог-решенијата се зголемува максималниот износ што може да се врати на едно физичко лице во текот на едно тримесечје. Финансискиот стимул ги вклучува граѓаните како дополнителен механизам за контрола, што помага да се намали сивата економија, да се подобри даночната дисциплина и да се зголеми довербата во институциите.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Со усвојувањето на овој предлог закон не се очекуваат негативни импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Предлогот на Законот за изменување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту матерјални обврски за одделени субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН

Согласно со член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, од причина што не се работи за обемен закон, се предлага Собранието Предлог на законот за изменување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, да го разгледа во скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА
# ЗАКОНОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА

Член 1

Во Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица (Службен весник на РМ бр. 133/2019, 275/2019, 244/2020 и 65/23) во член 3 во ставот (3) бројот „20%“ се заменува со бројот „40%“, а бројот „10%“ се заменува со бројот „20%“.

Во ставот (5) износот „2.100 денари“ се заменува со износот „4.100 денари “.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ а ќе започне да се применува од 01 април 2026 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Со членот 1 од Предлогот на Законот за изменување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица се пропишува процентот на поврат на данок на додадена вредност од пресметаниот данок искажан во поединечна фискална сметка, како и максималниот износ на поврат на дел од данокот за враќање за едно календарско тримесечје

Со член 2 е уредено влегувањето во сила и отпочнувањето на примената на законот.

### II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина.

### III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со зголемување на процентот на поврат и највискиот износ за враќање на данок на додадена вредност кој може да се врати на едно физичко лице за едно календарско тримесечје, ќе се овозможи директна финансиска корист за населението, намалување на сивата економија и подобрување на наплатата на јавните приходи. Зголемување на највискиот дозволен износ го прави процесот поатрактивен за граѓаните, а истовремено го ублажува ефектот на инфлација врз куповната моќ.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ**
**ОД ЗАКОНОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ**
(ИЗВОД)

## ПРАВО НА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ

### Член 3

(1) Правото на враќање на данокот се однесува на данокот на додадена вредност искажан во фискалните сметки за купени добра или користени услуги, издадени согласно со Законот за регистрирање на готовински плаќања.

(2) Правото на враќање на данокот може да се оствари само еднаш за една иста фискална сметка, односно правото на враќање на данокот не се остварува за фискалната сметка која е веќе пријавена согласно со член 6 и член 9-а од овој закон.

(3) Враќањето на делот од данокот на додадена вредност пресметан на прометот на македонски добра и услуги се врши во висина од 20% од пресметаниот данок искажан во поединечна фискална сметка. Враќањето на делот од данокот на додадена вредност пресметан на прометот на останати добра и услуги се врши во висина од 10% од пресметаниот данок на додадена вредност искажан во поединечна фискална сметка.

(4) Правото на враќање на данокот се остварува за секое календарско тримесечје во кое е издадена фискалната сметка.

(5) Највисокиот износ за враќање на данокот за едно календарско тримесечје изнесува 2.100 денари.